20242594547

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 56 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за јавна администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници (во натамошниот текст: Годишната програма).

Член 2

Годишната програма се изготвува во електронска форма и содржи каталог - преглед на понудени генерички обуки, опишани со следната структура:

- реден број на обуката;
- назив на обуката;
- начин на спроведување на обуката (во училница или електронски);
- целна група (категорија на работни места);
- предлог датуми на одржување на обуките и
- финансиски средства потребни за реализација на обуката.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и формата на годишната програма за генерички обуки на административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/14).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-2528/5
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за
јавна администрација,
Горан Минчев, с.р.